МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 1824/2
Датум: 14.03.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 10.03.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Хелсинки“бр.54, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x150мм2,заради реализација на нов приклучок за барател ДПТУ АРАНГЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x150мм2 .Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечко КРО од каде што продолжува по тротоар од бекатонска подлога и ја поминува ул.„Хелсинки“ низ постоечка цевка и продолжува по тротоар од бекатонска подлога на ул.„Хелсинки“ од каде што повторно ја поминува улицата по пат на бушење и продолжува по тротоар од бекатонска подлога се до новопредвидено КРО Ф3 и МРО лоцирани пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 20 метри по подлога од павер елементи а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 2.832,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тротоарска подлога од бекатон да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ